**АФРИКАНСКИ ЧУМА КАЈ СВИЊИТЕ (АЧС)**



# Едноставни активности може да спречат АЧС

**Африканската чума кај свињите (АЧС) ги убива свињите.**
Ширењето за оваа болест низ целиот свет придонесува за големи загуби кај свињите и има големи социо-економски последици. Производството на свињи е од критична важност за обезбедувањето на храна и егзистенција на милиони луѓе.
**Сите ние можеме да играме улога за нивна заштита.**

# НАУЧЕТЕ КАКО СЕ ШИРИ АЧС

**ШТО ПОВЕЌЕ ЗНАЕМЕ, ТОЛКУ ПОДОБРО ЌЕ ГО СПРЕЧИМЕ ШИРЕЊЕТО!**

## Вашето ЗДРАВЈЕ не е под закана на АЧС

Луѓето не се разболуваат од АЧС. Болеста не може да се пренесе на луѓето преку контакт со свињи или со јадење на производи од свинско месо.



## Вие можете да бидете НОСИТЕЛ на вирусот АЧС

Вирусот АЧС е многу отпорен. Вие можете да го пренесете на облеката, чевлите, опремата, и возилата ако сте посетиле заразена област, или ако донесете производи од свинско месо со вас.



## Вие можете да ПОМОГНЕТЕ да се спречи ширењето на АЧС



- Избегнувајте да носите производи од свинско месо кога патувате или пријавете ги на органите за транспорт
- Не приближувајте се на фарми за свињи и диви свињи, освен ако е строго неопходно
- Не хранете ги свињите со отпад од храна или кујнски остатоци што содржат производи од месо
- Отстранете го отпадот од храна што содржи свинско месо правилно во безбедни корпи
- Пријавете болни или мртви свињи или дива свиња на Агенцијата за храна и ветеринарство

Food and Agriculture Organization of the United Nations

WORLD ORGANISATION FOR ANIMAL HEALTH

Под чадорот на Глобалната рамка за прогресивна контрола на прекуграничните заболувања на животните (GF-TADs)

© OIE and FAO, 2021
CB6726MK